HL/Skin




**Крпи за лице**

Негата на кожата почнува со темелно чистење на лицето, а овој сет неодоливо меки крпи за лице направени од 100% памук се вашиот избор за нежно и ефикасно чистење и бришење на лицето по секој чекор од рутината за нега на кожата.

Без разлика дали ќе ги користите за да си го исчистите лицето по долгиот ден или за да си ја подобрите рутината за нега на кожата, овој сет крпи за лице е едноставен и неопходен дел од рутината.

Крпите за лице (сет од 2 броја):

- се раскошно меки и впивливи
- се идеални за чистење, за третман со пареа и за нежно бришење на лицето
- може да се перат во машина, наменети се за повеќекратна употреба и може да се користат секој ден
- се елегантно брендирани – со дискретно извезено Herbalife лого за префинет изглед

**За што може да се користат крпите за лице:**

1. **Чистење.** Навлажнете го лицето и нанесете гел за чистење лице по избор. Малку натопете ја крпата и нежно масирајте го лицето со кружни движења за да си направите ексфолијација и да го отстраните вишокот масноти и нечистотии.
2. **Бришење.** Со оваа впивлива крпа за лице, нежно избришете си го лицето со тапкање по туширање или по чистење. Важно е да користите една крпа за лицето и друга за телото за да се одржува хигиената на лицето и да не се пренесуваат бактерии.
3. **Третман со пареа.** Може да ја користите крпата за третман со пареа на лицето за да се чувствувате како да сте во спа. Навлажнете ја крпата со млака вода, исцедете го вишокот вода од неа и ставете си ја на лицето. Оставете ја околу 5-10 минути. НЕ користете врела или жешка вода зашто тоа може да предизвика изгореници и иритација на кожата.

**ОДРЖУВАЊЕ/ЧУВАЊЕ**

1. **Перење**. Крпите за лице се перат по секоја употреба со топла вода и со непарфимиран, благ детергент. Не користете омекнувач зашто на крпата остануваат остатоци од него и при контакт со кожата може да дојде до иритација.
2. **Сушење**. Сушењето е исто толку важно колку и перењето. Неопходно е крпите убаво да се исушат во просторија со добра вентилација за да не се развијат бактерии што може да предизвикаат појава на акни. Може да користите и машина за сушење алишта за да се уништат бактериите.
3. **Чување**. Крпите секогаш чувајте ги на суво место откако убаво ќе се исушат за да спречите развивање на бактерии.

**Чести прашања**

**1: Дали треба да користам една крпа за лицето, а друга за телото?**
Апсолутно! Кога користите одделни крпи за лицето и за телото не се пренесуваат бактерии на лицето од другите делови на телото, што ги намалува шансите за појава на акни и проблеми со кожата.

**2: Дали може крпата за лице да ја користам за да си ја вадам шминката?**
Крпата за лице може да ја користите за да си ја извадите шминката, меѓутоа ако користите само крпа, ова може да нема ефект и да предизвика иритација. Се препорачува прво да користите лосион за вадење шминка за да ја извадите што е можно повеќе и потоа да ја користите крпата за лице за да ги отстраните останатите производи.

**3: Дали може да користам крпа за лице наместо четка за чистење лице?**
Крпата за лице може да биде добра алтернатива за четка за чистење ако се користи за ексфолијација и за чистење на лицето, меѓутоа со крпата не може да си го масирате лицето како што се прави тоа со четката за чистење.

**4: Кој детергент може да се користи за перење на крпите за лице?**
Најдобро е да се користи хипоалергенски детергент, меѓутоа може да се користи и кој било непарфимиран, благ детергент.

**5: Колку често треба крпите за лице да се заменуваат со нови?**
Генерално, најдобро е крпите за лице да ги заменувате со нови на секои 3-6 месеци или порано зависно од тоа колку се користени. За да траат подолго треба да се перат и да се сушат на соодветен начин.

Име: Сет крпи за лице

Код на група: PO/82891-5

Материјал: 100% памук

Увозник:

ASL Netherlands B.V. Kingsfordweg 151, 1043 GR, Амстердам, Холандија

Регистарски број на компанијата: 67368468

ЕДБ: NL856951997B01

Произведено во Португалија

Произведено за: Herbalife International Luxembourg S.à R.L. 16, Avenue de la Gare L-1610 Luxembourg

www.herbalife.com

GPSR_support@link-worldwide.com